# Политика на приватност

KIBSTrust

Последна измена: 30.06.2022 (види ги претходните верзии)

## Содржина


1. Вовед 1
2. Согласност 1
3. Какви типови на информации собираме? 1
4. За што ги користиме вашите податоци? 2
5. Обврска за пријавување на промена на податоци 3
6. Законска основа за обработка на лични податоци 3
7. Споделување на лични податоци со трета страна 3
8. Чување на податоци 4
9. Откажување за добивање известувања преку е-пошта 4
10. Како ги штитиме вашите податоци? 4
11. Користење на веб-колачиња и веб-светилници 4
12. Користење на записи за дијагностицирање и статистика 5
13. Откажување и повлекување согласност 5
14. Дали откриваме информации на трети страни 5
15. Регистрирање 6
16. Прибирање на лични податоци и вашите права 6
17. Како ги заштитуваме вашите лични податоци 7
18. Заштита на приватноста на малолетници 7
19. Измени на оваа Политика 8
20. Изјава 8
21. Контактни и други информации 8

## 1. Вовед

КИБС АД Скопје (КИБС) голем дел од своето работење го промовира и спроведува преку своите веб-страници кои се основна алатка за комуникација со заинтересираните страни за нашите производи и услуги. Различните деловни линии на КИБС, секоја со своите специфики, можат различно да се адресираат кон приватност на вашите лични податоци. Оваа Политика за приватност (Политика) не се однесува на услугите поврзани со КИБС како оператор на платен систем, услугите поврзани со информации произлезени или кои базираат на информации за или од платниот систем, како и услуги понудени преку наши партнери или препродавачи.

Оваа Политика е одраз на нашиот стремеж на нашите корисници да им се приближат процесите на обработка на личните податоци поврзани со активностите на Давателот на доверливи услуги и Давателот на услуга за електронска идентификација кој организациски се дел од КИБС, но се препознатливи под брендот со име KIBSTrust. Давателот на доверливи услуги и Давателот на услуга за електронска идентификација даваат услуги за кои КИБС поседува јавно овластување.

Почитувајќи ги во целост законските обврски KIBSTrust се грижи за вашето право на приватност. Ние ги зачувуваме само оние лични податоци кои се неопходни да се остварат деловните, законските и други овластувања поврзани со неговата деловна активност.

Оваа Политика е подготвена за да ве информира за праксата како ги спроведуваме обврските во интерното работење и работењето со своите корисници на производи и услуги. Во понатамошниот текст производите и услугите на KIBSTrust ќе бидат адресирани само како: Услуги.

Оваа Политика се применува таму каде што вие сте еден од нашите клиенти, контакти, добавувачи, изведувачи (вклучително поранешни вработени или претходни изведувачи) на Услугите на KIBSTrust и имате директна врска со KIBSTrust. Во вакви услови KIBSTrust ќе дејствува како контролор на податоци и ќе донесува одлуки поврзани со почитување на личните податоците кои ги поседуваме за Вас.

Оваа Политика не се однесува на сопствени производи или услуги понудени од наши партнери, застапници, други трети страни и нивни услуги или веб-страници на кои може да преминете во текот на прегледувањето на нашите веб-страници. Поради претходното Ве охрабруваме да ги прочитате политиките за приватност на тие трети страни.

Подолу ќе Ве информираме за тоа кои податоци ги собираме за Вас, како ги користиме прибраните податоци, каде податоците се обработуваат, Вашите права поврзани со податоците кои ги чуваме за Вас, како може да ја повлечете дозволата за користење на Вашите податоци, безбедносните одредби на чување на Вашите податоци, како да ги ажурирате или избришете Вашите податоци.

## 2. Согласност

Со внесување на ваши податоци на нашите веб-страници или апликации на мобилни уреди вие изрично се согласувате со оваа Политика, односно ги прифаќате условите наведени во неа. Доколку не се согласувате со било кој дел или во целост со оваа Политика, не ја продолжувајте вашата активност на нашите веб-страници или на нашите апликации за мобилни уреди.

## 3. Какви типови на информации собираме?

KIBSTrust собира податоци од вас кога правите порачка за било кој дигитален сертификат или временски жиг, кога сакате да се креира ваш електронски идентитет, кога аплицирате за пристап / претплата за Услугите, кога правите претплата на некој наш билтен, кога користите наша Услуга за online разговор (chat), преземате информативни документи за нашите Услуги, кога се регистрирате за вебинар или организираме online состанок, кога одговарате на анкета или пополнувате формулар за помош пред или по продажба на услуги или кога отворате барање за поддршка.

Неограничувајќи се со претходниот став секогаш кога имате интеракција со нас, а со цел од нас да добиете услуга, поддршка или информација, ние од вас може да побараме податоци кои може да бидат лични.

Од вас може да биде побарано да го внесете вашето име и презиме или други податоци содржани во вашите документи за лична идентификација, електронска адреса, поштенска адреса, броеви на документи за лична идентификација, матичен број, телефонски број за мобилен уред, параметри кои може да ни

помогнат за подобар маркетинг, да бидат преземени технички податоци за вашиот мобилен уред, да бидат преземени ваши биометриски податоци вклучително фотографија и/или видео материјал кој ја потврдува вашата живост, детали за организацијата во која работите и други лични податоци.

Доколку, врз основа на ваша желба, изберете плаќање на нашите Услуги со користење на нашата виртуелна електронска продавница ќе ви бидат побарани и податоци поврзани со вашата платежна картичка од страна на картичниот процесор преку кој се обезбедува плаќањето. Ве молиме да ја побарате и прочитате Политиката на приватност на обезбедувачот на картични плаќања на неговата веб-страна.

KIBSTrust се однесува кон податоците за лична идентификација како доверливи, освен податоците кои се дел од издадениот дигитален сертификат. Овие податоци може да се проверат со користење на надворешни комерцијални апликации и како такви се сметаат дека се од јавен карактер и овозможуваат проверка на вашиот електронски идентитет.

Согласно деловните активности и потреби може да прибереме дополнителни информации за Вас со користење на извори на податоци - бази на податоци од трети страни (јавни и приватни) и/или бази на податоци направени достапни за нас од страна на државните институции со цел подобрување на нашите услуги.

KIBSTrust не чува ваши чувствителни податоци поврзани со финансиска трансакција (број на платежна картичка, финансиски информации и слично).

Вие ќе бидете секогаш прашани да дадете согласност за јавно објавување на ваши податоци.

## 4. За што ги користиме вашите податоци?

Личните податоци кои ќе бидат побарани од Вас и причините поради кои се бараат од Вас ќе бидат јасно наведени во моментот на нивното барање. Без разлика дали Вашите лични податоци се јавно достапни или се приватни, тие нема да се продаваат, разменуваат, ниту ќе бидат дадени на која било друга компанија да располага со нив. Вашите лични податоци ги користиме за извршување на своите деловни активности, законски обрски и барања. Личните податоци ги прибираме при:

### 4.1. Создавање на ваша сметка

Создавањето на сметка е обврзувачки елемент за добивање на Услуга од KIBSTrust. Сметката може да биде креирана во рамките на веб страницата или апликацијата за мобилен уред. Управувањето со сметката го корисникот ја прави лично. Гасењето на сметката не значи и бришење на личните податоци од системите на KIBSTrust.

### 4.2. Процесирање на порачка

Вашите податоци, јавни или приватни, нема да бидат продадени, разменувани, дадени или доставени на друга компанија поради причина која не е во согласност со дефинираниот работен процес на испорака на Услугата без Ваша согласност.

### 4.3. Подобрување на Услугите за корисниците

Вашите податоци ни помагаат поефикасно да одговориме на вашите барања пред и по продажбата и потребите за техничка поддршка.

### 4.4. Испраќање на известувања за оправување

Електронската адреса што ја давате како контакт и/или корисничко име за отворање на сметка, за обработка на порачката може да се користи за да ви се испратат кодови за проверка на ваше владение со електронската сметка, известувања за издавање, поништување, обновување на дигитални сертификати, истекување на рокови како и информирање за извршувањето на Услугите согласно јавно објавените правила и постапки за нивно издавање, зависност од услугата или производот.

### 4.5. Испраќање пораки преку електронска пошта

KIBSTrust може да Ви испраќа пораки за:

- периодични билтени за дејноста, за појава на нова верзија на услуга, да информира за безбедносни надградби, информации поврзани со услугите, анкети, како и известувања за статусот на спроведеното системско одржување или достапност на услуга;
- информирање за потврдување на Вашиот идентитет било лице-в-лице со нашите овластени вработени или на далечина и оцена дали ќе станете корисник на наши услуги или производи и услуги на трети страни, а согласно јавно објавените правила и постапки за спроведување на овие активности (CP/CPS).

## 5. Обврска за пријавување на промена на податоци

Вие, како наш клиент, при секоја промена на податоците кои претходно своеволно сте ни ги довериле, должни сте да не информирате дека сте направиле нивна промена.

## 6. Законска основа за обработка на лични податоци

Ние ги обработуваме вашите лични податоци заради спроведување на нашиот договор со вас, заради легитимен интерес на KIBSTrust согласно наши вообичаени деловни активности прилагодени кон Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (МК-eIDAS) и неговите подзаконски акти, како и на Регулативата на ЕУ 901/2014 познатка како eIDAS.

Во други случаи, ќе побараме ваша согласност за обработка на личните податоци што ќе ги доставите.

Вашето одбивање да ни дадете лични податоци за одредени Услуги може да не спречи да ја исполниме вашата нарачка за Услуги. Исто така, ако ја одбиете или повлечете вашата согласност за користење лични податоци или ако одбиете да примате информации за Услугите на KIBSTrust, тоа може да резултира со ваша неинформираност за обновување на Услугите, периодични билтени со информација од нас, објава на нови Услуги, безбедносни ажурирања, поврзани производи или информации за Услугите, статусот на текот на закажаното одржување или достапност на Услугата.

Подолу, во дел 13, прочитајте за тоа како можете да ја повлечете вашата согласност.

## 7. Споделување на лични податоци со трета страна

За да обезбедиме квалитет во работата, подобри технички перформанси, за статистички цели и маркетинг при крирање услуги, создаваме партнерски односи со други компании (трети страни). Во такви строго контролирани услови ние може да ги споделиме ваши лични податоци и тие кои ќе бидат обработени со наша легитимна причина за обезбедување на Услуги за сите наши корисници.

Подолу е даден преглед на профил на компании и причина за воспоставување партнерски однос. Ова не е конечен преглед и истиот може да се менува согласно нашите потреби за константно подобрување. Ние соработуваме со даватели на аналитички показатели, финансиски институции и може да добиваме информации за Вас од нив. Може да соработуваме со Twitter, Google, Facebook, LinkedIn и други за да ви овозможиме да се регистрирате за Услугите користејќи ги акредитивите што ги имате кај тие компании. Подолу е нецелосна листа на трети страни со кои соработуваме. Соработката може континуирано да се проширува или да престанеме да работиме.

| **трета страна** | **зошто работиме со нив** |
|---|---|
| Давател на доверливи услуги лоциран во ЕУ | За обезбедување специфични технички и технолошки услуги за кои KIBSTrust не вложува средства во својата инфраструктура. |
| Компанија за обезбедување проверка на личниот идентитет и документи за идентификација | Специфична услуга за која KIBSTrust не вложува средства во својата инфраструктура. |
| Различни финансиски компании (банки, фондови, осигурителни друштва и т.н.) | Пласман на наши производи и услуги, вклучително и да ни овозможат да прибереме, обработиме и складираме идентитетски податоци |

| | |
|---|---|
| Интернационални компании кои обезбедуваат услуги на интернет прелистување и пребарување и платформи на социјални мрежи | Следење на перформансите на нашата понуда на интернет, за статистичка обработка на податоци поврзана со активноста на нашите веб страници, маркетинг |

Дополнително, може да ги откриеме вашите лични податоци на трети страни:

- ако сме должни да ги откриеме или споделиме вашите лични податоци со цел да се усогласиме со каква било законска или регулаторна обврска или барање;
- да ги спроведеме или примениме условите за користење на нашите услуги и други договори или да истражуваме потенцијални прекршувања; или
- да ги заштитиме правата, имотот или безбедноста на нашите системи или други наши корисници.

## 8. Чување на податоци

За да се исполнат барањата за ревизија на давателот на доверливи услуги и давателот на услуга за електронска идентификација KIBSTrust, личните податоци кои се пополнети или прибрани при аплицирањето, ќе бидат чувани минимум десет (10) години во зависност од Услугата и може да бидат зачувани во физички или електронски формат. За сите детали, Ве молиме прочитајте ги правилата и постапките објавени за секоја Услуга на KIBSTrust, објавени во јавното складиште на документи:

https://www.kibstrust.com

## 9. Откажување за добивање известувања преку е-пошта

Ако во кое било време сакате да се откажете од добивање електронски пораки, тоа можете да го направите преку инструкции за откажување објавени на веб страниците на давателот на доверливи услуги и/или вклучени на крајот од секоја електронска порака.

## 10. Како ги штитиме вашите податоци?

KIBSTrust ги  презема сите пропишани технички и организациски мерки за заштита на личните податоци, за спречување неовластен пристап и нивна злоупотреба настојувајќи да ги примени најновите достигнувања во оваа област.

Нашите процедури за заштита се предмет на редовни контроли спроведени согласно европските стандарди и барањата на домашното законодавство и се одраз на најновите технолошки достигнувања.

## 11. Користење на веб-колачиња и веб-светилници

Веб-колачињата се мали текстуални фајлови кои се зачувуваат во Вашиот компјутер заради следење и/или подобрување на перцепцијата на корисникот за веб страните кои ги посетува.

Покрај тоа, како и повеќето онлајн деловни активности, KIBSTrust користи колачиња и веб-светилници на нашите веб-страници и е-пошта поврзана со маркетинг за да собере и анализира некои лични податоци како што се IP адресата на посетителот, типот на прелистувачот, обезбедувачот на интернет услуга, страницата за упатување, оперативниот систем, датумот/времето и основните географски информации.

Ние може да користиме колачиња и веб-светилници за да собереме збирни податоци за сообраќајот и интеракцијата на веб-страните, за да можеме да ја измериме ефективноста на нашите комуникации и да понудиме подобри искуства и алатки на веб-страниците. Може да склучиме договор со трети страни, даватели на услуги за да ни помогнат подобро да ги разбереме посетителите на нашите веб-страници. На овие даватели на услуги не им е дозволено да ги користат информациите собрани во наше име, освен за да ни помогнат да го водиме и подобриме нашето деловно работење.

Посетителите кои за првпат ги посетуваат нашите веб-страници може да изберат да не прифатат колачиња за следење активност во нивниот прелистувач. Ние може да користиме колаче за идентификација на исклучување за да ги означиме тие посетители на нашите веб-страници кои ја донеле оваа одлука. Во овој случај колачиња кои се однесуваат на перформансите на веб-страните, подобрувањето на искуството и маркетингот се програмирани да не се имплементираат кога е присутно колаче за исклучување во прелистувачот на посетителот. Во случаи на имплементација на овој тип колачиња за откажување истите

ќе опстојуваат сè додека посетителот не ги избрише колачињата на прелистувачот или до нивното истекување една година по зададениот датум. Посетителот треба повторно да се откаже по една година за да ги оневозможи колачињата за следење на активноста.

Посетителот на веб-станиците може да го постави прелистувач така да истиот ги одбива сите или некои колачиња на прелистувачот или да предупреди кога веб-страниците поставуваат или пристапуваат до колачиња. Доколку ги оневозможите или одбиете колачињата, имајте предвид дека некои делови од веб-страниците може да станат недостапни или да не функционираат правилно.

Подетални информации поврзани со користењето веб-колачињата побарајте на нашата веб-локација:

https://www.kibstrust.com

во документ поврзан со нашата Политика за користење на веб-колачиња. На нашите веб страници Вие како корисник имате можност да дадете или одречете согласност за користењето на типот на колачиња кои се користат.

## 12. Користење на записи за дијагностицирање и статистика

Нашите сервери автоматски снимаат информации (креираат записи - log) создадени со вашето користење на нашите Услуги. Податоците од овие записи може да содржат информации како што се вашата IP адреса, тип на пребарувач, оперативен систем, референтна веб страна, посетени страници, локација, вашиот мобилен оператор, идентификатори на уред и апликација, услови за пребарување и информации за колачиња. Ние ги користиме овие информации за дијагностицирање и подобрување на нашите услуги. Ние или ќе ги избришеме податоците од записите или ќе отстраниме какви било идентификатори на корисничка сметка, како што се корисничко име, целосна IP адреса или електронска адреса, десет (10) години по последната Ваша активност.

## 13. Откажување и повлекување согласност

Доколку во кое било време сакате да се откажете од примање идни е-пораки, ние вклучуваме упатства за откажување што се лоцирани во долниот дел на секоја е-пошта.

Известувањата за обновување може да се откажат врз основа на дигитален сертификат со најавување на вашата сметка во системот за управување со сертификати и оневозможување на известувањата за обновување.

Доколку KIBSTrust ги обработува вашите лични податоци врз основа на ваша согласност, истата може да да побарате да ја повлечете во секое време со испраќање порака на адреса soglasnost@kibstrust.com или да нè контактирате на една од адресите прикажани во делот 17 подолу. Вашето барање ќе биде разгледано во рок од 3 работни дена.

## 14. Дали откриваме информации на трети страни

Ние не ги продаваме, тргуваме или на друг начин пренесуваме ваши лични информации на надворешни страни. Ова не вклучува доверливи трети страни кои ни помагаат во работењето на нашата интернет страница, пополнувањето на апликации за дигитален сертификат или за било која друга услуга, ни помагаат во оптимизирање или додавање вредност на услугите што ги нудиме, како што е нудење интегрирани производи или услуги на трети страни. Во услови кога податоците се споделуваат со такви трети страни, од нив се бара да се согласат со условите за доверливост. Ова ги спречува таквите трети страни да вршат продажба, трговија, маркетинг или на друг начин да разнесуваат податоци за корисници на КИБС.

Исто така ние може ваши податоци да ги направиме достапни на трети страни кога мислиме дека со тоа се почитува закон или да се заштитуваат нашите права, имот или безбедност.

Наша Политика е да ве известиме, дека постои барање за пренесување на вашите лични податоци врз основа на закон, освен ако тоа пренесување не е забрането да се стори со друг закон или судска наредба.

## 15. Регистрирање

Согласно законската обврска во врска со собирање, обработка и архивирање на лични податоци соодветно е направена регистрација кај надлежен орган. За да добиете дополнителни информации во врска со нашата регистрација или да поднесете жалба против нас, може да се обратите до:

**Агенција за заштита на личните податоци**
бул. „Гоце Делчев“ бр. 18
Поштенски фах 417, 1000 Скопје
https://www.dzlp.mk/mk/kontakt

## 16. Прибирање на лични податоци и вашите права

Во согласност со законските прописи во Република Северна Македонија имате утврдени права и обврски за заштита на приватноста кои KIBSTrust целосно ги почитува. Дополнително се стремиме да ги почитуваме и правилата за заштита на приватноста на личните податоци согласно уредбите на Европската унија.

**Начин на прибирање на лични податоци:**

- Секогаш бараме ваша изречна согласност за сите лични податоци кои треба да ги поднесете.
- Ние не собираме ваши лични податоци, освен ако вие не иницирате активност на нашите веб страници кои налагаат прибирање податоци заради обезбедување услуги.
- Ние ги користиме податоците што вие ги поднесувате за да ве идентификуваме, да ги провериме податоците кои сте ги доставиле, да ви доставиме информации во хартиена или електронска форма а се со цел нашите услуги да ги направиме достапни за вас.

**Ваши права и обврски**

- Вие сте одговорни за обезбедување и давање на вистинити, точни, тековни и целосни лични податоци на KIBSTrust. Исто така, вие сте одговорни да ги одржувате и навремено да ги ажурирате информациите за да бидат вистинити, точни, тековни и целосни.
- Можете да ги остварите вашите права и писмено да нè контактирате. Ние ќе бараме од вас да обезбедите идентификација за да ја потврдите автентичноста како субјект на податоците. Ќе направиме разумни напори да одговориме и да го обработиме вашето барање како што наложува законот.
- Според важечкиот закон, може да имате право да барате бришење на вашите лични информации, ограничување на обработката што се однесува на вас, да направите приговор на обработката и правото на преносливост на податоците. Исто така, имате право да поднесете жалба до надзорен орган.
- Ако дадете какви било информации кои се невистинити, неточни, не се тековни или се нецелосни, или ако имаме разумни основи да се сомневаме дека тие информации се невистинити, неточни, не се тековни или се нецелосни, имаме право да ја суспендираме или укинеме вашата сметка и да одбиеме каква било и сите тековни или идни Услуги.
- Право на пристап и исправка – имате право да побарате информација кои ваши лични податоци ги чуваме и да направите исправка на податоците кои сметате дека се неточни. Имате право и да побарате да бидат надополнети или ажурирани податоците кои сметате дека се некомплетни или неточни.
- Право на ограничување на обработка – имате право, под одредени услови, да побарате да ја ограничиме обработката на вашите податоци.
- Право на приговор на обработка – имате право, под одредени услови, на приговор за обработката на вашите лични податоци и право да поднесете приговор и/или жалба до надзорен орган.

- Право на пренос на податоци – имате право, под одредени услови, да побарате од нас да ги пренесеме податоците кои сме ги прибрале за Вас во друга организација или да Ви ги дадеме вам.
- Право да не бидете предмет на одлука заснована исклучиво на автоматска обработка – ова право се проширува и на правото да не бидете профилирани врз основа на што можат да се носат правни заклучоци поврзани со Вас освен ако за тоа постои законска основа со соодветно обезбедување на Вашите права, слободи и лични интереси.

## 17. Како ги заштитуваме вашите лични податоци

За да спречиме неовластен пристап до личните податоци и да спречиме и оневозможиме губење на доверливост, интегритет или достапност на личните податоци, воспоставивме внатрешни политики и процедури за безбедносни мерки. За да ги постигнеме горенаведените цели, ги имплементиравме следните мерки:

1. Воспоставување политика за соодветно ракување со личните информации и личните податоци во согласност со законите, регулативите и упатствата.
2. Воспоставување политики кои предвидуваат правила за стекнување, користење, складирање, обезбедување, бришење и отстранување на лични податоци, како и одговорни лица и нивни улоги.
3. Организациски безбедносни контролни мерки, како што се утврдување одговорно лице, појаснување на вработените кои обработуваат лични податоци и обем на обработка на личните податоци, имплементација на систем за известување и комуникација со одговорното лице во случај кога е откриен факт или се откриени индикации за прекршување на законот и/или политиките, а периодичните инспекции во врска со статусот на обработката на личните податоци се во согласност со политиките и процедурите.
4. Мерки за лична безбедност, како што се наведување прашања во врска со доверливоста на личните податоци во прирачникот за вработените и спроведување периодична обука за правилата и политиките поврзани со обработката на личните податоци.
5. Физички безбедносни мерки, како што се контрола на физичкиот пристап за вработените, ограничувања на опремата внесена во канцеларија и ограничувања и контроли на отстранување на опремата и електронските медиуми и документи кои обработуваат или содржат лични податоци за да се спречи нивна кражба или губење , итн.
6. Мерки за техничка контрола на безбедноста, како што е воведување системи за заштита на информациските системи кои работат со лични податоци од неовластен надворешен пристап или неовластен софтвер.
7. Имплементација на безбедносни контролни мерки врз основа на разбирање на системите за заштита на лични податоци во земјите каде што се обработуваат личните податоци.
8. Назначување офицер за заштита на лични податоци кој ги надгледува сите процеси и активности за постапување со податоците.

## 18. Заштита на приватноста на малолетници

Услугите на KIBSTrust не се дизајнирани за малолетници и не се нудат на малолетници. Ние свесно не собираме или бараме лични податоци од малолетници и свесно не им дозволуваме на таквите лица да ги користат нашите Услуги.

Ако сте малолетник, не се обидувајте да ги користите Услугите или да ни испраќате какви било информации за себе. Во случај да дознаеме дека сме собрале лични податоци од малолетник, ние ќе ги избришеме тие информации што е можно побрзо.

Ако сметате дека имаме какви било информации од или за малолетно лице, ве молиме контактирајте нè користејќи ги информациите за контакт во дел 19 подолу.

## 19. Измени на оваа Политика

Доколку се направат измени во оваа Политика на приватност, корисниците на нашите услуги ќе бидат известени со објава на нашите веб страници и/или со испраќање електронска порака со известување за достапноста на нова верзија.

Со објавување на новата верзија на овој документ престанува да важи неговата претходна верзија. Претходната верзија ќе остане достапна за ваше потсетување на локацијата https://www.kibstrust.com/mk-MK/Home/Dokumenti.

## 20. Изјава

KIBStrust е посветен на обезбедување на ефективен, приспособлив и доверлив Систем за заштита на лични податоци кој е способен да спроведе ефикасни и решителни активности во случај на прекршување или компромитирање, но, исто така, да обезбеди силна и цврста рамка за приватност.

KIBSTrust целосно ги исполнува своите одговорности како контролор на личните податоци на своите корисници и заинтересирани трети страни. Тој управува со собирањето, преносот и складирањето на таквите информации не само на законски и етички начин, туку и на начин што се очекува од некој кој е регистиран во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација од страна на регулаторот.

KIBSTrust исто така, се обврзува да се придржува до законските, регулаторните и договорните барања и да управува со ризик кој е присутен кај овој тип на Услуги.

Политиката е по карактер динамична и вклучува посветеност кон постојано подобрување преку процес на известување за инциденти, проценка на ризик и редовни ревизии. Оваа Политика се прегледува барем еднаш годишно или доколку се случат промени кои налагаат да се направи промена веднаш.

## 21. Контактни и други информации

Доколку сакате да не контактирате, да се пожалите или да добите информациите за она што ние чуваме за Вас ние ви ги нудиме следните опции:

- Да ни пратите писмо на адреса: бул. Кузман Јосифовски Питу 1, 1000 Скопје.
- Да се јавите на телефонскиот број: +389 2 3297 401
- Да испратите e-mail на адреса: ozlp@kibstrust.com.

За било какво барање поврзано со заштитата на личните податоци ние ќе Ви одговориме во законски рок.

Овие Политика е подготвена во македонска и англиска верзија. Во случај на какви било несогласувања помеѓу овие верзии, македонската верзија ќе преовлада.

КРАЈ НА ДОКУМЕНТОТ